Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 1**

**25.01.2017**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Буџетски календар на Општина Демир Хисар за 2017 година**

1.Го објавувам Буџетскиот календар на Општина Демир Хисар во 2017 година донесен на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/1** **Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

578.Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/2004) Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.01. 2017 год. донесе

**Буџетски календар**
**на општина Демир Хисар за 2017 година**

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Демир Хисар го донесува буџетскиот календар. | јануари |
| 2. | Министерот зафинансии доставува циркулар - насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Најдоцна до 30ти септември |
| 3. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите одделенија и буџетски корисници. | Најдоцна до 15ти октомври |
| 4. | Сите одделенија и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 01ти Ноември |
| 5. | Одделението за Финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи , ги разгледува анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 10ти Ноември |
| 6. | Одделението за Финансиски прашања го изготвува нацрт буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Најдоцна до 20 ти Ноември |
| 7. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт буџетот . | Најдоцна до 30 ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува предлог буџет до Советот на општина Демир Хисар | Најдоцна до 15ти декември |
| 9. | Советот на општина Демир Хисар го усвојува предлог буџетот. | Најдоцна до 31ви декември |

Буџеткиот календар на општина Демир Хисар за 2017 година влегува во сила наредниот ден од објавувањето во службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр17-27/4 Совет на општина Демир Хисар
23.01. 2017 год. Претседател,
Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2017 година**

1.Ја објавувам Програмата за Урбанистички планови на Општина Демир Хисар во 2017 година донесена на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/ 2 Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

579.Врз основа на член 22 став1 точка 1, точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/2014 и Измените на Законот, Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот, Сл.весник на РМ бр. 23/2011;155/2012;53/13; 72/13; 44/12; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15 и Правилниците), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.01.2017 година донесе

## *I. ПРОГРАМА*
**За донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2017год.**

**Член 1**

**<u>I - Генерални урбанистички планови</u>**

**1.** Изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Планот се изработува согласно годишната Програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и локална урбанистичка планска документацијаво РМ за 2014год., а го изработува Агенцијата за просторно планирање.

**<u>I I- Детални урбанистички планови</u>**

1. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2250, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Симе Зинговски, Демир Хисар.

2. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2307 и КП бр.2297, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Кирило Блажевски и Живко Блажевски, Демир Хисар.

3. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр.1767, КО Демир Хисар, со намена Б1 – мали комерцијални и деловни објекти, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барања за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Тони Трајчевски, Добре Бакиевски и Пецо Јанкуловски.

4. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, со намена домување, заради вклопување на бесправно изграден помошен објект, кој зафаќа дел од јавна површина, (тротоар), согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димитрија Трајковски.

5. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 1808/1, КО Демир Хисар, со намена В-јавни институции, заради вклопување на бесправно изграден објект, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по

барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – административна зграда (барањето е доставено до МТВ).

6. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2714, КО Демир Хисар, заради вклопување на бесправно изградени објекти со деловна намена и
обезбедување пристап кон градежните парцели.

**I I I - Урбанистички план вон населено место со граници на опфат:**

1. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.118 КО Сопотница во површина од 80668м2, РМ, корисник "Бигла". (Постапката е отпочната-добиени се услови за планирање на просторот).

2. Изработка на Урбанистички план вон населено место, со намена Г1-Лесна и незагадувачка индустрија, со опфат за кој ке се утврди накнадно, за КО Бабино и КО Слоештица, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ГД Гранит, АД Скопје.

3. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.1 КО Големо Илино, со намена - туристички локалитет, предвиден и со Просторниот План на РМ ("Сл. Весник на РМ", бр.39/04 г.), во површина од приближно од 2,5 ха. Земјишетето е во сопственост на РМ, пасиште, трета класа. (Постпаката е отпочната, планот е финансиран од страна на Центар за развој на пелагонискиот регион, во постапка е пренамена на земјоделско во градежно земј.)

**IV- Локална урбанистичка планска документација**

1. Изработка на ЛУПД за изградаба на објекти за аквакултура, со опфат за КП бр. 2297, 2284, 2285, 2291, 2292, 2293, 2294, 2295, 2296, 2298, 2299, 2300 и 2301, м.в. Скара, со површина од 19.599м$^2$, КО Доленци, Демир Хисар, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Постапката е отпочната на барање на „Аква Ленд“ ДОО Скопје, кој е воедно инвеститор.

2. Изработка на ЛУПД за вклопување на деловен објект, со опфат за КП бр. 1098, КО Загориче, со површина која ке се утврди накнадно, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ЈП „Македонски шуми“ Скопје, подружница шумско стопанство „Бигла“.

**V - Урбанистички планови во населено место**

1. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Петар и помошен објект, на КП бр. 9 и КП бр. 10, КО Смилево, по барање на МПЦ.
2. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Атанас и помошен објект, с.Журче, на КП бр. 538, КО Журче, по барање на МПЦ.
3. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Антониј и помошен објект,с. Стругово, на КП бр. 1853 и КП бр. 1854, КО Стругово, по барање на МПЦ.

Член 2

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар

Бр.17-23/5 **Совет на Општина Демир Хисар**
23.01.2017 година **Претседател,**
Демир Хисар **Ѓоко Василевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за организирање и дефинирање на услови за доставување на стока на подрачјето на град Демир Хисар и населените места во општината**

1.Ја објавувам Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Демир Хисар и населените места во општината донесена на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/3** **Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

580.Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( "Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и член 7 став 2 алинеја 8 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр.169/15 и 226/15), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23 јануари 2017 година донесе

**ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА СТОКА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**Член 1**

Со оваа одлука се дефинираат условите за доставување (истоварање/ товарање) на стока од моторните возила на јавните површини, начинот и времето на вршење на истоварање и товарање на стоката како и органите кои го одобруваат времето на движење, запирање и паркирање на возилата за истоварање и товарање на стока и надзор над спроведувањето на одредбите од оваа одлука.

**Член 2**

1) Под јавни површини во смисла на членот 1 на оваа одлука се подразбираат: улици, тротоари, пешачки зони, пешачки и велосипедски патеки, плоштади, кејови и останати сообраќајни површини.

2) Јавните површини од ставот 1 на овој член се поделени во три зони и тоа:
- потесно градско подрачје,
- пошироко градско подрачје, и
- останати населени места.

**Член 3**

1) Одредбите од оваа одлука не се применуваат за правните и физичките лица кои имаат обезбеден пристап до објектите каде што вршат дејност или други објекти, а кои не го попречуваат сообраќајот на пешаците и возилата, како и за возилата кои вршат истоварање и товарање на стока и кои можат да користат паркинг место доколку габаритот на возилото одговара на површината на паркинг местото.
2) Одредбите од оваа одлука се применуваат и на комуналните возила на јавните претпријатија основани од Општина Демир Хисар, за чии потреби Општина Демир Хисар ќе издава годишно одобрение за движење, запирање и паркирање на возила заради вршење на дејноста за која се основани.

**Член 4**

1) Потесното градско подрачје е подрачје на кое е забрането запирање и паркирање освен запирање и паркирање на возилата заради доставување (истоварање и товарање) на стока е опфатено со следниве улици:

- ул. „Битолска";
- ул. „Маршал Тито" и
- ул. „Први Мај" (до раскрсница со ул. „Илинденска".

2) Пошироко градско подрачје ги опфаќа сите улици надвор од потесното градско подрачје, на кое е забрането запирање и паркирање освен за запирање и паркирање на моторни возила со одобрение за доставување на стока.

3) Останати населени места ги опфаќа селата на територијата на Општина Демир Хисар,каде е забрането запирање и паркирање освен за запирање и паркирање на моторни возила со одобрение за доставување на стока.

**Член 5**

1) Возилата за доставување на стока на подрачјето на Општина Демир Хисар може да запираат и паркираат додека трае процесот на истоварање и товарање, но не подолго од 15 минути, секој ден, во текот на целиот ден.
2) Одредбите од овој член се однесуваат на површините означени во член 2 точка 2.

**Член 6**

Максималната дозволена маса на возилата кои вршат доставување на стока на подрачјето на Општина Демир Хисар во сите зони изнесува 12 тони.

**Член 7**

1) Доставувањето на стока може да се реализира доколку со тоа не се загрози безбедноста на сообраќајот на пешаците и возилата, а одговорноста е на товар на лицето кое поднело барање за одобрување на доставувањето на стока.

2) Стоката не смее да биде оставена на тротоар или на друга сообраќајна површина додека трае истоварање и товарање на истата. По завршувањето на истоварање и товарање возилото треба веднаш да се отстрани од јавната површина.

**Член 9**

1) Истоварање и товарање на стока од моторно возила се врши по правило на коловоз со вклучување на сите покажувачи на правци за движење.

2) По исклучок од ставот 1 на овој член возачот на возилото за истоварање и товарање на стока може да застане и паркира на тротоар или друга јавна површина доколку се обезбеди простор за безбедно одвивање на пешачкиот и велосипедскиот сообраќај од најмалку 2.5 м.

**II ОДОБРЕНИЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА СТОКА**

**Член 10**

1) Општина Демир Хисар издава одобрение за движење, запирање и паркирање на возила поради истоварање и товарање на стока на подрачјето на Општина демир Хисар на барање на правни односно физички лица.

2) Одобрението од ставот 1 на овој член се издава со максимален рок од 1 (една) година.

3) Одобрението од ставот 1 на овој член содржи: назив на правното односно физичкото лице на кое се однесува одобрението, зоните за кои се однесува одобрението, временски период во кој е дозволено доставувањето на стока, времето на задржување поради доставување на стока, рок на важност на одобрението, регистарски број на возилото за доставување на стока за кое се однесува одобрението.

**Член 11**

1) За добивање на одобрение правните и физичките лица поднесуваат барање до Општина Демир Хисар.

2) Барањето од став 1 на овој член содржи: назив на барателот, зоната за која се однесува бараното одобрение, регистарски број, марка, тип, тежина на возилото и носивост на возилото за доставување на стока, рок на важност на одобрението и видот на стоката која се доставува.

3) Во прилог на барањето се доставуваат: доказ за платена административна такса, фотокопија од сообраќајна дозвола за возилото за доставување на стока и копија од фактура, договор за соработка, договор за закуп или имотен лист.

**III НАДЗОР**

**Член 12**

Инспекциски надзор над спроведување на одредбите на оваа одлука врши Секторот Инспекторат на Општина Демир Хисар.

**IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Број. 17-27/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**23 .01.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности**

1.Ја објавувам Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности донесена на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/4 Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

581.Врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи ("Службен весник на РМ" бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16) а во согласност со член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) и член 14 став 1 од Уредбата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определеувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процена ("Службен весник на РМ" бр.13/11), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.01.2017 година, донесе

Одлука
За редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности

Член 1

Се донесува одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.

Со стапувањето во сила на Одлуката, започнуваат активностите за ажурирање на Процената, координирани од страна на Подрачното одделение на регионалниот Центар за управување со кризи Демир Хисар.

Член 2

Одлуката стапува во сила веднаш по објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-27/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**23.01.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2016 го 31.12.2016 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2016 го 31.12.2016 година донесен на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/5 Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

582.Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.01.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2016 го 31.12.2016 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2016 го 31.12.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 27/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**23.01.2017 година Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за разрешување член во Комисија за финансии и буџет**

1.Го објавувам Решението за разрешување на член во комисија за финансии и буџет донесено на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/6 Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

583.Врз основа на член 43 став 1 точка 37 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/ , а во врска со член 47 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.01.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување член воКомисија за финансии и буџет**

1.Се разрешува Мирјана Јанческа од член во Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општина Демир Хисар поради судир на интереси.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

**Бр.17- 27/9 Совет на општина Демир Хисар**
**23.01.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за именување член во Комисија за финансии и буџет**

1.Го објавувам Решението за именување на член во комисија за финансии и буџет донесено на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/7 Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

584.Врз основа на член 43 став 1 точка 37 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/ , а во врска со член 47 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.01.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување член во Комисија за финансии и буџет**

1.За член во Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општина Демир Хисар се именува

**Христина Петревска од с.Слепче**

2. Решението влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

**Бр.17- 27/10 Совет на општина Демир Хисар**
**23.01.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за именување на членови во Училишен одбор од Локалната самоуправа**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Училишен одбор на ОУ „Гоце Делчев" Демир Хисар претставници од Локалната самоуправа донесено на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/8 Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

585.Врз основа на член 43 став 1 точка 5 од Статутот на општина Демир Хисар/"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/, а во врска со член 57 од Законот за измени и дополнување на Законот за основно образование /"Службен весник на РМ" бр.63/2004 / Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.01.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови во Училишен одбор од Локалната самоуправа**

1.За членови во Училишниот одбор на ОУ "Гоце Делчев" Демир Хисар како претставници од Локалната самоуправа се именуваат:

**1. Билјана Јошевска Демир Хисар**
**2. Ромео Матевски од Демир Хисар**

2. Со донесувањето на ова Решение престанува да важи Решението бр. 07-349/12 од 15.05.2013 г. донесено од Советот на Општина Демир Хисар.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

Д-но:
-ОУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар
-Архива на општина Демир Хисар
-именуваните

**Бр. 17-27/11 Совет на општина Демир Хисар**
**23.01.2017 година Претседател**
**Демир Хисар *Ѓоко Василески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за именување на членови во Училишен одбор од Локалната самоуправа**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар претставници од Локалната самоуправа донесено на 60-тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.01.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-55/9** **Општина Демир Хисар**
**25.01.2017 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

586.Врз основа на член 43 став 1 точка 5 од Статутот на општина Демир Хисар/"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/, а во врска со член 57 од Законот за измени и дополнување на Законот за основно образование /"Службен весник на РМ" бр.63/2004 / Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.01.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови во Училишен одбор од Локалната самоуправа**

1.За членови во Училишниот одбор на ООУ "Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар како претставници од Локалната самоуправа се именуваат:

1. **Александра Шулевска од с.Жван**
2. **Ана Станковска од с.Жван**

2. Со донесувањето на ова Решение престанува да важи Решението бр. 07-349/14 од 15.05.2013 . донесено од Советот на Општина Демир Хисар.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

Д-но:
-ООУ „Браќа Миладиновци„ с.Жван Општина Демир Хисар
-Архива на општина Демир Хисар
-именуваните

**Бр. 17-27/12** **Совет на општина Демир Хисар**
**23.01.2017 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Ѓоко Василески с.р.***

-----------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2017---------------------1-2
2. Програма за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2017----2-3
3. Одлука за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на општина Демир Хисар--------------4-5
4. Одлука за редовно ажурурање на Проценята на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар на сите ризици и опасности --------6
5. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2016 до 31.12.2016-------6-7
6. Решение за разрешување член во Комисија за финансии и буџет---------7
7. Решение за именување на член во комисија за финансии и буџет--------8
8. Решение за именување на членови во Училишен одбор од Локалната самоуправа за ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар-------------------------8
9. Решение за именување на членови во Училишен одбор од Локалната самоуправа за ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар-------------------------9

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**